## ПРИКАЗ НА КНИГИ

### МАКЕДОНСКА СТОМАТОЛОШКА БИБЛИОГРАФИЈА (1951-2003)

УРЕДНИК: **Марија Накова**

ИЗДАВАЧ: **Стоматолошки факултет - Скопје, 2004**

Македонската стоматолошка библиографија (1951-2003) е публикација на систематизирано обработената издавачка дејност на стоматолозите од Република Македонија во периодот од 1951 до 2003 година.

Библиографијата е подготвена користејќи ја базата на податоци на Библиотеката на Стоматолошкиот факултет во Скопје и таа содржи 2698 библиографски единици од три вида: книги, дисертации и тези и статии објавени во разни списанија и зборници од стручни манифестации. Секоја библиографска единица е обработена во согласност со Ванкуверскиот интернационален комитет на издавачите на биомедицински списанија, според кои се подготвува Index to Dental Literature/Index Medicus.

Насловите на статиите што се објавени на англиски, француски и германски се преведени на македонски, со забелешка, во заграда, за јазикот на кој изворно е објавена статијата.

Според видот на библиографската единица, Библиографијата е поделена во три глави: книги, дисертации и тези, статии.

Книгите се подредени хронолошки, според азбучен ред на авторот/авторите. Авторството во глава на книга е означено со знакот •, обезбедувајќи ги сите неопходни податоци: за заглавието на главата, за уредникот/уредниците и за насловот на книгата.

Тезите се обработени по автори, по азбучен ред, хронолошки и според области, хронолошки.

Статиите се обработени, исто така, во два дела: според автори и според области. Сите библиографски единици се вкрстено индексирани во 18 области.

Индексот на автори е даден по азбучен ред и нивните публикации се хронолошки подредени. Од нашите податоци се гледа дека во периодот што го обработува оваа Библиографија, во главата Статии учествувале вкупно 1099 автори и коавтори; во оваа едиција не обезбедивме индекс на соработниците во статиите. Соработката на повеќе од шест автори во една статија го скратувавме на три, додавајќи ја кратенката “и сор.”. Индексирањето според области е вкрстено. Една статија не е индексирана само во една област туку и во повеќе други, ако проблематиката на статијата опфаќа повеќе области.

### ОРАЛНАТА МИКРОФЛОРА И ДЕНТАЛНИОТ КАРИЕС

АВТОРИ: **Мира Јанкуловска, Соња Еленчевска - Апостолска**

ИЗДАВАЧ: **авторите**

Во текот на 2004 година излезе од печат книгата **Оралната микрофлора и денталниот кариес** од авторите Мира Јанкуловска и Соња Еленчевска-Апостолска.

Целокупниот материјал е изнесен на 144 страници и е систематизиран во пет одделни поглавја.

Земајќи ја предвид мултифакторијалната етиологија на денталниот кариес, издвоени се и обработени двата основни етиолошки фактора - оралните микроорганизми и денталниот плак, со што оваа монографија, претставува вистински избор, како поради својата актуелност, исто така, и како придонес за збогатување на стручната литература.

Монографијата содржи опширен приказ на патогеното дејство на оралните микроорганизми (Streptococcus mutans, Laktobabacillus), кои како дел на оралната флора, со посредство на дентален плак како интермедиум, остваруваат разградба на супстратот до крајните продукти, кои предизвикуваат почетна деминерализација. На основа на овие сознанија авторите посочуваат можности за современ пристап во зачувување, унапредување и промовирање на денталното здравје, како и начинот за ди-

јагностицирање на ризикот за развој на денталниот кариес преку најсовремени тестови. Прикажаните тестови можат да бидат применети од стручни лица, како и од самите пациенти, што се вклопува во препораките на Светската здравствена организација (СЗО) дека „секој е должен да се грижи за сопственото здравје".

Книгата редоследно содржи: **Вовед**, каде е дадена дефиницијата за забниот кариес и неговата застапеност кај цивилизираниот човек.

Второто поглавје**, Орална микрофлора - Екологија** обилува со податоци за фазното населување на оралниот медиум со микроорганизми, од периодот на раѓањето, појавата на забите, губењето на забите до нивна замена со протези. Дадени се информации дека оралната микрофлора на возрасните, која е доста богата и разновидна, со повеќе од 300 видови различни микроорганизми, од кои најчесто и во најголем процент биле изолирани Streptococcus mutans и Lactobacillus. Авторите, исто така, успешно ја презентирале атхезијата на оралните бактерии и нивната корелација со колонизирањето на забните површини, каде е интересен заклучокот дека некои видови бактерии не ги населуваат забите само формално, туку нивното постоење е неопходно за да се одржат во живот овие микроорганизми. Streptococcus mutans, streptococcus sanguis, Actinomyces viscosus и bacteroides gingivalis (porphurmonas gingivalis) не се сретнуваат во устата на бебињата сè додека не се појават забите, а Streptococcus mutans, и streptococcus sanguis исчезнуваат веднаш по вадењето на сите заби. Особено внимание авторите им посветиле на квалитативниот и квантитативниот аспект на примарната микробиолошка колонизација на емајловата површина, со цел да се видат разликите во колонизацијата, како во смисла на брзината на колонизацијата, исто така, и во смисла на разликите во видот и бројот на микроорганизмите, што произлегува од приказот на резултатите од сопствените истражувања.

Третото поглавје **Денталните наслаги во етиологијата на денталниот кариес** авторите ја имаат опишано улогата на наслагите, кои атхерираат на денталните површини од периодот на нивното еруптирање и се присутни во текот на нивното перзистирање во оралниот медиум, како посебен ентитет во биолошкиот екосистем, салива - дентален плак - емајл, во иницијацијата и прогресијата на денталниот кариес.

Во четвртото поглавје **Современи аспекти во превенцијата на денталниот кариес** авторите на достапен и разбирлив начин го опишуваат значењето на стоматолошката едукација, правилната исхрана, оралната хигиена и флуор профилаксата, како и дијагностицирањето на ризикот за развој на денталниот кариес преку најсовремени тестови кои се вклопуваат со препораките на Светската здравствена организација (СЗО) дека „секој е должен да се грижи за сопственото здравје". Авторите користеле сопствени резултати од своите научни трудови кои ги збогатиле со актуелни литературни податоци на домашни и странски автори.

Одбраната тематика во оваа монографија, авторите ја изнесуваат со лесен и разбирлив јазик и стил со што ќе се овозможи истата да има свое место во домашната стручна литература.

## ДИФЕРЕНЦИЈАЛНАТА ДИЈАГНОЗА НА ОРАЛНИТЕ ЛЕЗИИ

АВТОРИ: **Поповска-Спасовска М., Димитровски В., Атанасовска-Стојановска А.**

ИЗДАВАЧ: **Магнаскен, Скопје, 2003**

Уште на почетокот треба да се напомене дека учебното помагало "Диференцијалната дијагноза на оралните лезии" концепциски се разликува од оние кои вообичаено се присутни во стручната литература. Имено, аранижманот на диференцијалната дијагноза во многу нешта отстапува од веќе видената и широко користена литература. Разликите најнапред се однесуваат на приодот во материјата, рангирањето на лезиите, потоа ново вклучената терминологија во опишувањето на поимите и ред други новини.

Генерално, материјата во овој учебник е поделена на два дела. **Првиот**, **општиот дел** претставува кус и прецизен преглед во воведот на оралната патологија распореден во три поглавја: анатомохистолошки потсетник за структурата на оралните и периоралните ткива, корелација на микро и макроструктурите во оралниот кавитет и посебен акцент е даден на анамнестичката постапка. Преку последователните чекори дадени во десетте доктринарни принципи поставени се темелите на правилниот пат до дијагнозата.

**Вториот дел** ги обработува мекоткивните промени класифицирани според главниот симптом. Изборот на главниот симптом како централен параметар е поврзуван со клиничката манифестација на заболувањата врз кој се базира основната концепција на овој учебник. Впрочем, првиот впечаток кај клиничарот при контакт со заболената ареа е главниот симптом.

Обработувајќи го **главниот симптом** не како единствен туку како водечки параметар во поставувањето на дијагнозата, и разрешувањето на дифер-